# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост    Број 3 година XXIV




Скопје, септември 2011 г.

## СОДРЖИНА


2 страна
***Акција за адаптација на новите простории за дневен центар во Радовиш***

3 страна
***Спортско рекреативни активности за корисниците на дневните центри***

4, 5 и 6 страна
***Учество во политичкиот и јавниот живот***

7 страна
***РЦПЛИП - ПОРАКА вклучена во “Активни граѓани”***

8 страна
***Кампања на ОНСНR и УНИЦЕФ***

9 и 10 страна
***Активности на ЕДФ***

11 и 12 страна
***Одржана 4-та Конференција за Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост***

13, 14 и 15 страна
***Активности на дневните центри и локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА***

16 страна
***Наша страница***
***Продолжува соработката со коњичкиот клуб Три Стар***



*“ПОРАКА”*
*Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА*
**Гласилото излегува секои 3 месеци**

***Главен и одговорен уредник:***
**Виолета Димоска**

***Уредувачки одбор:***
**Василка Димоска**
**Владо Крстовски**
**Маја Гацоска**

***Графичко обликување и печат:***
*Дата Понс, Скопје*
Тираж 1.000 примероци
**Септември 2011 год. Број 3, год. XXIV**

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
”Орце Николов” бр. 122, 1000 Скопје;
тел.: 329 69 61; факс: 329 69 60
E-mail: **poraka@t-home.mk**
Web: **www.poraka.org.mk**

**Според Министерството за култура на РМ, со одлука 07-2613/2, за гласилото ПОРАКА се плаќа повластена даночна стапка од 5%.**



***Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.***


# *Започнува акцијата за адаптирање на новите простории за дневен центар во Радовиш*

## *ВАШАТА ПОДДРШКА Е ПОТРЕБНА*

**Дневниот центар на РЦПЛИП - ПОРАКА во Радовиш од оформувањето пред десетина години па се до денес опстојува во дотраена монтажна барака, која во изминатите неколку години во повеќе наврати претрпуваше санации и адаптации со цел да се обезбеди соодветен простор во кој непречено ќе може да се реализираат програмските содржини. Но, и покрај тоа, дотраеноста на просторот сеуште претставува главен проблем кој го отежнува функционирањето на дневниот центар. Поради тоа, се јави потреба од поголем и поадекватен простор за работа. Членовите на РЦПЛИП - ПОРАКА и ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш постојано ја нагласуваа оваа потреба на средбите со локалните власти во Радовиш, но и при секој јавен настан. Благодарение на успешно воспоставената соработка со локалните власти, како и со Градоначалникот на Општина Радовиш, г-дин Роберт Велков, беше изнајдено решение за надминување на оваа потреба.**

**Имено, во текот на 2010 година, на ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш беа доделени простории - објект од цврста градба, кој со соодветна адаптација, реновирање и опремување, ќе прерасне во соодветен дневен центар. Просториите се наоѓаат во непосредна близина на постоечкиот дневен центар и се со површина од над 300 $м^2$.**

**Во текот на Програмата “Градот и попреченоста” која РЦПЛИП – ПОРАКА ја спроведуваше во партнерство со Општина Радовиш и која во март 2011 година резултираше со усвојување на официјален Локален акционен план за унапредување на положбата на лицата со попреченост, беше утврдена потребата од итна акција за санирање, адаптација и опремување на просторот за дневен центар.**

**За таа цел, Општина Радовиш веќе додели 1.000.000 денари на ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш, а во тек е широка акција за вклучување на други донатори и бизнисмени за да се соберат останатите потребни средства.**

***Ги повикуваме сите добронамерни граѓани, претпријатија, институции и организации да се вклучат во акцијата за обезбедување на потребните средства за реконструкција на просториите и да помогнат во создавањето на соодветно и достоинствено место за лицата со попреченост во Општина Радовиш. За повеќе информации, контактирајте со РЦПЛИП – ПОРАКА на 02/3296-961 или ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш на 032/635-826.***





## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Спортско рекреативни активности за корисниците на дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА

***Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА, во периодот од 27 јуни - 1 јули 2011 г. и од 19 - 22 септември 2011 г. во Центар за едукација на кадри "Солферино" на Црвен крст во Струга организираше и реализираше две спортско-рекреативни активности за корисниците на дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА од Скопје, Радовиш и Охрид.***

Спортско-рекреативните активности обезбедуваат голем број различни можности: развој на чувството и духот за натпреварување меѓу лицата со интелектуална попреченост; искуство да се биде дел од спортска екипа притоа чувствувајќи го единството во екипата; мотивација за натпреварување и победа, но истовремено и искусување и справување со пораз во спортските игри.

Од друга страна, овие активности претставуваат добра можност за персоналот од дневните центри да поминува 24 часа заедно со корисниците на дневните центри овозможувајќи им да го разберат ритамот на живеење и однесувањето на секое лице со интелектуална попреченост. Понатаму, набљудувањето на корисниците во нова средина, без родителското влијание, им нуди на персоналот нови сознанија во однос на можните подобрувања во самостојноста и самодовербата меѓу корисниците и несебичната поддршка и пријателство меѓу нив самите, што не може да се увиди во текот на активностите во дневните центри. Уште повеќе, ваквите активности обезбедуваат можности за подобрување на вештините за одржување на личната хигиена, вештините за социјални интеракции итн.

Спортските активности беа поделени во следните дисциплини: атлетика (натпревари во трчање и скок во далечина), натпревари во мал фудбал, натпревари во кошарка, натпревари во тегнење јаже.

Рекреативниот дел од програмата опфати разни креативни работилници, друштвени игри, прошетки покрај брегот на Охридското езеро и посети на градот Струга и неговите знаменитости, како и забави со музика и танцување во вечерните часови. Во попладневните часови, на плажата на Центарот "Солферино" се организираа рекреативни активности, кога времето тоа го дозволуваше. Важна придобивка од реализацијата на спортско - рекреативните активности е тоа што персоналот од дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА





има можност да увиди важни информации за однесувањето на корисниците надвор од дневниот центар, а што е од огромно значење за нивната понатамошна работа во рамките на индивидуалната работа со корисниците и подобрувањето на вештините за самостојно живеење.





Документ за позиција на Европската Инклузија

# Учество во политичкиот и јавниот живот: основа за лицата со интелектуална попреченост да живеат како еднакви граѓани

***Документот за позиција со наслов "Учество во политичкиот и јавниот живот: основата за лицата со интелектуална попреченост да живеат како еднакви граѓани" беше одобрен од годишното генерално собрание на Европската Инклузија на 13-ти мај 2011 година. Се заснова на членот 29 од Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост велејќи дека лицата со попреченост треба да имаат ефективен пристап до политичкиот и јавниот живот.***

Учеството во политичкиот и во јавниот живот се однесува на вклученост во општеството како и да се слушнат гласовите на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства. Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост во членот 29 вели дека лицата со попреченост треба да имаат ефективен пристап до политичкиот и јавниот живот преку практикување на нивното право да гласаат и да бидат избрани, но и преку создавање на средина во која тие можат ефективно и целосно да учествуваат во спроведувањето на јавните работи, особено преку нивните организации. На тој начин се обезбедува дека лицата со попреченост можат да станат членови на политички партии или невладини организации. Членот 29 според тоа ги поставува суштинските одредби за возрасните со интелектуална попреченост бидејќи правото на глас е предуслов за државјанство и е најпрепознатливиот симбол на државјанство.

Правото на глас, а со тоа и учество во јавниот живот, е во моментот во многу земји честопати ускратувано за лицата со интелектуална попреченост кои се лишени или ограничени во нивната деловна способност. Покрај ограничувањата во деловната способност, недостаток од пристапни информации, немање пристап до избирачките места, недостатокот на свесност меѓу политичките партии и членовите на изборните комисии, како и предрасудите во однос на способноста на лицата да носат одлуки се огромни препреки за учество на изборите за многу граѓани со интелектуална попреченост кои не можат да го применуваат своето право на глас.

**Конвенцијата на ОН и правото на глас:**

Државите потписнички треба да го гарантираат правото на глас за лицата со попреченост. Оваа одредба треба да биде опфатена, пред се, во комбинација со член 12 од Конвенцијата на ОН за деловна способност: законските реформи се неопходни за да се осигура дека законодавството за деловна способност не ги лишува лицата со интелектуална попреченост од нивното право на глас. Тоа исто така вклучува позитивни мерки за да се обезбеди дека лицата со попреченост можат да учествуваат во избори, преку обезбедување дека процедурите за гласање, просториите и материјалите се соодветни, пристапни и лесно разбирливи и употребливи.



Со цел да се гарантира слободното изразување на волјата на лицата со попреченост каде е потребно, на барање на гласачот со попреченост, исто така значи дозвола за помош при гласање од страна на лице кое тие ќе го одберат.

Европската Инклузија и нејзините членки ги поддржуваат следните препораки со цел да се олесни процесот на избори и политичкиот живот за лицата со интелектуална попреченост.

## Општи препораки:

1. **Отстранување на ограничувањата за деловна способност:** Законодавството за деловна способност треба да биде ревидирано за да се осигура дека граѓаните со интелектуална попреченост не им е ускратено правото за гласање согласно член 29 од Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост.
2. **Укинување на тестовите за гласање:** Откако ќе се воспостави дека граѓаните автоматски не се лишуваат од гласање, ќе се обезбеди дека тестовите за способноста за гласање не се применуваат, и дека тие нема да се наметнуваат на било кои граѓани.
3. **Законски одредби:** Пристапноста до информации за изборниот процес треба да биде пропишан во националното законодавство во согласност со членот 29 од Конвенцијата на ОН.

## Од членството на РЦПЛИП - ПОРАКА во Европската Инклузија

4. **Специфични облици на помош:** за оваа група на гласачи треба да ја има на располагање. Гласањето треба да е доволно адаптирано за да се опфатат и потребите на лицата со попреченост. Можни се различни начини: мобилни гласачки места, гласање однапред или гласање по пошта, гласање со полномошник, гласање од дома, гласање во болници итн…
5. **Подигнување на свеста:** Подигнување на свеста кај изборните комисии, политичарите и политичките партии за важноста од гласањето меѓу општата популација со јасен фокус на особено исклучените групи, како што се лицата со интелектуална попреченост.
6. **Финансирање:** Треба да се овозможи финансирање за да се обезбедат пристапни информации и обука на членовите на изборната комисија.
7. **Работа со НВОи:**
   - Изборните комисии, владините оддели што се одговорни за организирање на изборите треба да соработуваат со НВОи на лица со интелектуална попреченост на национално и на локално ниво со цел да се овозможат попристапни информации.

### Специфични препораки за пристапност:

1. Низ целиот изборен процес треба да се овозможат **пристапни информации** за лицата со попреченост во однос на сите аспекти од изборниот процес вклучувајќи:
   - Како лицето со попреченост да се регистрира за гласање;
   - Постоење на различни политички програми;
   - Како функционира националниот систем на гласање;
   - Постоење на различни видови на избори (локални, парламентарни, претседателски).
2. **Нови технологии:** доколку се воведе **електронско гласање или гласање преку компјутер** на гласачките места, тие треба да бидат пристапни, преку користење на пристапни облици: лесно читливи, големи букви, аудио, видео материјали, знаковен говор и компатибилност со говорната технологија.





### Специфични препораки за обука:

1. **Обука за членовите на избирачките места:** членовите на избирачките места, како и било кое друго лице кое обезбедува помош на гласачко место треба да биде свесно за правото на лицата со интелектуална попреченост на глас. Обуката и насоките треба да се обезбедат за членовите на гласачките места во однос на тоа како да им помогнат на лицата со интелектуална попреченост, а треба да бидат генерално применливи низ целата земја.
2. **Обука за лицата со интелектуална попреченост:** Програмите за обука и материјалите за тоа како да се гласа треба да се прилагодени и за лица со попреченост.

### Специфични препораки за пристап до гласачките места:

1. **Пристапност на гласачки места:** Гласачките места треба да се пристапни и за лицата со интелектуална попреченост согласно член 9 од Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост. Универзалните стандарди за пристапност за гласачките места треба да се воспостават за да се обезбеди дека сите гласачки места се пристапни, земјаќи ги предвид потребите на лицата со различни видови на попреченост и комбинирана попреченост.
2. **Гласање со помош:** За лицата со интелектуална, физичка и сетилна попреченост треба да им се помогне, доколку е потребно кај кутијата за гласање од страна на лице на кое тие му веруваат, согласно член 29 од Конвенцијата на ОН.
3. **Превоз до местата за гласање:** Прилагоден превоз треба да биде на располагање за да ги носи лицата до гласачките места. Треба да има на располагање организиран превоз што ќе ги носи оние лица на кои тоа им претставува тешкотија до гласачките места ( на пример, лица кои живеат во резиденцијални домови за грижа или лица со намалена мобилност).

*продолжува* →

## Документ за позиција на Европската Инклузија

### Учество на лицата со попреченост: главната сила на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост



Учеството на граѓанското општество, особено лицата со попреченост и нивните соодветни организации, е суштинскиот елемент на Конвенцијата на ОН, и неопходно барање за целосна и ефективна имплементација на Конвенцијата. Во преамбулата на Конвенцијата, веќе е потврдено дека “лицата со попреченост треба да имаат можност за активно вклучување во процесите на донесување одлуки во однос на политиките и програмите, вклучувајќи ги и оние кои директно се однесуваат на нив”.

Со вклучување на следната одредба од член 29 “**активно промовирање** на средина во која лицата со попреченост ќе можат ефективно и целосно да учествуваат во вршењето на јавните работи, без дискриминација и на еднаква основа со другите, и **поттикнување на нивно учество во државните работи**” државата не само што има обврска да им овозможи на соодветните организации на лица со попреченост да постојат, туку и да осигура дека тие организации имаат обезбедено финансии и/или организациски капацитет активно да учествуваат во секој сегмент на граѓанското општество.

Поради тоа, оваа одредба бара од државите потписнички да се консултираат со лицата со попреченост и активно да ги вклучат во текот на планирање на политичките програми. Тој ги опфаќа следните сегменти: планирање и спроведување на политики, планирање и создавање програми и сервисни служби кои влијаат врз животот на лицата со попреченост.

Европската Инклузија и нејзините членки исто така потсетуваат на важноста од концептот на “вклучување во редовните текови”, процес кој осигурува дека сите политики и мерки на владата и други донесувачи на одлуки се соодветни и ги имаат во предвид потребите на лицата со интелектуална попреченост. Тоа треба да се применува во сите политики и мерки не само кај оние што се фокусираат на специфични прашања од областа на интелектуалната попреченост. Овој пристап ги одразува и политиката на Европската унија и меѓунардоните стандарди на човекови права, вклучително и Конвенцијата за правата на лицата со попреченост. Европската комисија го следи пристапот на вклучување во редовни текови во своите политики за “групи во неповолна ситуација” вклучително и за лицата со попреченост.

**ПРЕПОРАКИ:**

**Европската Инклузија и нејзините членки ги повикуваат властите на локално, национално и на европско ниво да вклучат следните препораки во практиката:**

1. Соработка со соодветни организации на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства во насока на утврдување на стратегија, планирање, спроведување, следење, и евалуирање на политиките и сервисните служби во место на живеење кои влијаат врз животот на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства.
2. Да се зголеми учеството на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства во јавниот живот на локално, регионално, национално, европско и меѓународно.
3. Да се усвојат механизми што ќе обезбедат значајно учество на лицата со попреченост и нивните организации, преку нивна застапеност во релевантни тела на јавните власти или во советодавни одбори.
4. Да се обезбедат значајни механизми на учество и вклучување на лицата со интелектуална попреченост користејќи пристапни и различни облици за консултации, осигурувајќи дека начелото на разумно прилагодување се почитува и дека разумното прилагодување е достапно онаму каде е потребно.
5. Да се обезбеди дека лицата со интелектуална попреченост, нивните семејства и нивните соодветни организации се вклучени и целосно учествуваат во советодавниот процес, од почеток до крај, за да се овозможи конструктивна и доверлива врска.
6. Да се обезбеди зајакнување на капацитетот и финансиски ресурси за НВОи кои делуваат во областа на попреченоста, да се овозможи градење на нивниот капацитет за целосно учество со што ќе придонесуваат во унапредување на демократското општество.

## Студиски престој во Брадфорд - Англија

# РЦПЛИП - ПОРАКА вклучена во “Активни граѓани”

**Британскиот совет во 2009 година започна со програма наречена Активни граѓани. Главната цел на програмата е да им пружи поддршка на учесниците да преземат позитивна акција за општествена промена. Позитивната акција може да вклучува активности за вмрежување, подобрување на соработката, личен развој и интеркултурен дијалог.**

Британскиот Совет почна да ја спроведува оваа програма и во Р.Македонија од 2010 година, со посебен осврт на областите активно граѓанство и еднакви можности и разноликост. Програмата се одвиваше во два дела, а во вториот дел, на покана на Британскиот Совет, како претставник од РЦПЛИП – ПОРАКАбеше вклучена Маја Гацоска. По завршувањето на обуката реализирана во рамките на оваа програма учесниците поделени во групи спроведоа проектни активности кои ја продолжија и проширија оваа програма. Британскиот совет, по завршувањето и на овој дел од севкупната програма на проектот “Активни граѓани” организираше студиски престој за седум учесници во програмата кои во периодот од 11-ти до 16-ти јули 2011 година го посетија Брадфорд во Англија со цел размена на искуства и споделување на знаења, како со луѓето од таму, така и со претставници од Косово и Ерменија, каде исто така се спроведува оваа програма на Британскиот Совет.

Домаќини на студискиот престој беа претставниците на невладината организација CNet, како и волонтери кои се ангажирани во различни проекти од Активното граѓанство. Програмата на студискиот престој беше осмислена на тој начин што секој ден имаше посебна тема на која беше посветен, а организациите и местата кои се посетуваа се вклучени во проектот Активно граѓанство.

Темата на првиот ден беше “Ден во градот”. Во текот на овој ден беше организирана посета во Градското собрание на Брадфорд, каде учесниците беа пречекани од претставник на Градскиот Совет и од Градоначалникот (Lord Mayor) на Брадфорд, кои го објаснија начинот на кој функционира Градското собрание и поделеноста на надлежностите помеѓу Собранието и Градоначалникот. Потоа следеше посета на Кала Сангам, Јужноазиски културно-уметнички центар чија основна цел е подигнување на свеста за разбирањето и прифаќањето на овие традиции користејќи различни иновативни пристапи, а со тоа ја зголемуваат и свеста во однос на расните, културните и социјалните прашања. Во попладневните часови следеше посета на Катедралата во Брадфорд и Музејот на мирот, единствениот музеј во Велика Британија кој е посветен на собирање, конзервација и интерпретација на материјали поврзани со историјата и развојот на мирот, ненасилството и разрешувањето на конфликти. Крајот на првиот ден заврши со посета на До Парк кој овозможува рекреативни активности на вода, како што се едрење, кајакарство и градење рафтови. Во една таква активност беа вклучени и учесниците на студискиот престој.

Вториот ден беше посветен на Образованието во заедницата. Учесниците имаа можност да посетат различни образовни институции во градот, почнувајќи од



градинка, потоа основно училиште и Колеџот во Брадфорд заедно со неговата библиотека. Се посети и Центар за поддршка на деца со аутизам и нивните родители кој соработува со Градското собрание од каде и добива дел од потребните финансии за негово функционирање. Попладнето беше резервирано за Бангладешка младинска организација која постои повеќе од 25 години и спроведува различни видови на проекти со младите, а воедно води и центар во кој секојдневно доаѓаат млади лица да се рекреираат и да се забавуваат.

Третиот ден учесниците го поминаа во градот Јоркшир, познат уште и како главен град на Северна Англија. 14-ти јули беше ден посветен на социјална активност во централниот дел од градот. Прва дестинација организацијата на Пријатели на Листер Парк. Тоа е организација која на волонтерска основа се грижи за овој парк, за неговата чистота и организирање на различни видови на активности кои можат да се спроведат на отворено, а воедно соработуваат и со голем број на други организации кои имплементираат активности на отворено во тој парк. Една таква манифестација која се одвиваше во моментот беше “Родени во Брадфорд”, а е дел од голема здравствено-истражувачка програма која ги следи животите на 14.000 бебиња од пренатален период до крајот на животот. Потоа следеше посета на Карлајл бизнис центарот во кој голем број на млади лица следат курсеви за различни занимања. Последната посета во претпладневниот дел беше Гросенвор проектот кој го водат група на локални жители, а е поддржан од Одделот за Култура при Советот на Брадфорд. Овој проект е наменет за младите луѓе од тој дел од градот, и составен од различни видови на едукативни и рекреативни работилници. Учесниците на студискиот престој го посетија и Националниот музеј на медиуми, кој претставува дом на повеќе од 3.5 милиони

продолжува →

предмети кои се од историско значење за медиумите и нивниот развој. Овој ден заврши со посета на Брадфорд Ресурсниот центар во Мала Германија (населба во Брадфорд). Корисници на овој центар се различни ранливи групи во заедницата, каде тие можат да добијат за нив потребни информации, да се забавуваат, да го учат англискиот јазик и да добијат топол оброк.

Последниот ден од студискиот престој беше организиран во Китли, град во близината на Брадфорд. Денот започна со посета на Музејот Клиф Касл во кој можат да се видат различни минерали, локални карпи, фосили, како и изложба на стари кукли, играчки, облека и домашни апарати. Потоа следеше и разгледување на Едукативниот центар на музејот каде доаѓаат деца од различни возрасти и групи за да се запознаат и да ги научат игрите и начинот на кој децата се забавувале во Викторијанското време. Учесниците, исто така имаа можност да го посетат и Колеџот Китли, кој е неодамна отворен и нуди најсовремени услови за работа за учениците. Воедно, има и посебно училиште за лица со попреченост кое во моментот функционира одделно, но се планира вратите кои ги делат двете училишта да бидат отворени во иднина. Посебното училиште, исто како и колеџот, ги нуди најсовремените услови за работа со лица со попреченост, како и помошна компјутерска технологија и адаптирани програми за работа, физиотерапија и хидротерапија. Последна активност од студискиот престој беше посета на Малам, мало селце, каде се нудат различни активности, посета на фарма, прошетки во природа, навигација.

Во понатамошниот тек на овој проект е предвидено да продолжи соработката и да се подготват нови и интересни активности кои ќе се спроведуваат до март идната година, а во кои ќе се вклопат знаењето и искуствата стекнати во Брадфорд.

# Кампања на OHCHR и УНИЦЕФ

Канцеларијата на Високиот Комесар за човекови права (OHCHR) и УНИЦЕФ започнуваат кампања за заштита на децата, за спречување на штетната и непотребна институционализација. Двете организации на ОН ги повикаа владите во Европа и централна Азија да стават непосреден крај на практиката од сместување на млади деца во детски домови водени од државата.

Следејќи го издавањето на два нови извештаи кои го покажуваат злоставувањето и злоупотребата на децата во домовите водени од државата, OHCHR и УНИЦЕФ започнуваат со кампања за ставање крај на практиката од испраќање деца под тригодишна возраст во институционална грижа обезбедена од државата.

Извештаите открија дека низ Европа и централна Азија, вклучително и во Европската унија, повеќе од еден милион деца и возрасни живеат во резиденцијски институции, каде венеат - често до крајот на животот. Извештаите покажуваат дека стотици илјади бебиња со попреченост рутински се сместуваат во домови водени од државата, со што во голема мера се попречува нивниот развој. Многу од нив се во згрозувачки услови.

На состанок во Европскиот парламент воден од Ирскиот член на Парламентот Mairead McGuiness, организациите ги повикаа владите низ регионот да ги направат приоритетни потребите и правата на најмалите деца во креирањето на политики, распределувањето на буџетот и развојот на сервисните услуги, а притоа следејќи ги меѓународните и европските стандарди. Овој повик за акција вклучува ограничување во сместувањето на деца на краткотрајни итни мерки или планиран престој кој нема да надмине шест месеци – а потоа само доколку е апсолутно неопходно и во најдобар интерес на детето.

Следат несовладливи докази кои го поддржуваат повикот и се содржани во извештаите:

- ***<u>Заборавени Европејци – заборавени права</u>*** издаден од Канцеларијата на Високиот Комесар за човекови права (OHCHR) ги истакнува меѓународните и европските стандарди за човекови права релевантни за ситуацијата на лицата во институции (инситуционална грижа, деинституционализација и алтернативна грижа); и
- ***<u>Дома или во дом – Формална грижа и посвојување на деца во источна Европа и централна Азија</u>***, издаден од УНИЦЕФ кој обезбедува преглед на главните трендови и загрижености за децата во формална грижа и институции како и посвојување во 21 земја и еден ентитет во централна и источна Европа и централна Азија вклучувајќи ги Романија и Бугарија.

Извршниот директор на УНИЦЕФ Anthony Lake ги повика владите во централна и источна Европа и централна Азија да спроведат реформи во политиките за детска заштита кои ги поткопуваат добросостојбата и правата на децата. "Децата припаѓаат онаму каде најдобро им се исполнети интересите – во топол, грижлив дом, не во институции каде знаеме дека премногу често добиваат субстандардна грижа", рече Lake. "Треба да ги поддржиме иницијативите кои им помагаат на семејствата да останат заедно преку зголемување на нивниот пристап до социјални сервисни служби – и владите треба да инвестираат во градење на посилни системи за социјална заштита кои допираат и до најранливите семејства и заедниците во најнеповолна ситуација."

Jan Jarab, Регионалниот претставник на канцеларијата на Високиот Комесар при ОН за човекови права во регионалната канцеларија за Европа рече *"Многу земји од централна и источна Европа во голема мера го задржале системот на големи резиденцијални институции – вклучувајќи ги и оние за под 3 годишна возраст – а тоа се уште е главен одговор на општеството за попреченоста, сиромаштијата или очигледниот недостаток на родителски вештини наместо мерки на заштита од индивидуална злоупотреба, од кои овие општества често неуспеваат да ги заштитат децата. Овие европски земји кои се членки на ЕУ треба да престанат да ги користат Европските структурни фондови за зајакнување на системите за детска грижа во нивната сегашна форма. Наместо тоа, тие треба да ги користат овие фондови за започнување на основни реформи во нивните системи за детска заштита и грижа."*

## Активности на ЕДФ - Европски форум за попреченост

# ЕДФ се сретна со Viviane Reding, Заменик-претседател на Европската Комисија

Претседателот на ЕДФ Yannis Vardakastanis, Генералниот секретар Rodolfo Cattani и ВД Директорот Javier Güemes се состанаа со Заменик-претседателот на Европската комисија, Viviane Reding, која е одговорна за правда, основни права и граѓанство. Следствено на ратификувањето на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост од страна на ЕУ, ЕДФ на состанокот даде конкретни предлози за целосна имплементација на овој договор за човекови права. Целта на состанокот беше да се предложат и да се дефинираат соодветни мерки за вклучување на лицата со попреченост во следните чекори на Европската стратегија за попреченост 2010 – 2020. Дискусијата се фокусираше на две важни теми:

***Конвенцијата на ОН: инклузивниот договор***

Претседателот Vardakastanis нагласи: “Разбираме дека Конвенцијата на ОН **е првиот договор за човекови права** што е потпишан од страна на ЕУ. Всушност, имплементацијата на оваа конвенција ќе го поплочи патот за идни договори за човекови права. Токму поради тоа, од огромно значење е **да се даде фокус на содржината** и да се оди напред со **процесот на имплементација** вклучувајќи лица со попреченост. Не видовме дека Конвенцијата на ОН е вклучена во повеќегодишната финансиска рамка и веруваме дека тоа е грешка. **Влијанието од ратификацијата на Конвенцијата треба да биде вистинито.**”

ЕДФ ги пренесе своите пораки: движењето за попреченост е поддржано со Конвенцијата на ОН и очекува **конкретни резултати**. За да се осигура дека имплементацијата ќе биде **успешна**, Комесарот Reding се согласи дека на ЕУ и се потребни **појаки инструменти. Овие инструменти треба да бидат поефикасни и поинклузивни.** Сепак, актуелната структура изгледа не е способна да ги обезбеди. Во секој случај попреченоста е хоризонтално прашање; фокалната точка и комитетот за попреченост се очекуваат според членот 33 од Конвенцијата на ОН.

ЕДФ сака Заменик-претседателот Reding да остане **поборник на правата во однос на попреченоста** во институциите. Единствениот начин за подобрување на животот на 80 милиони лица со попреченост е да се работи со **амбициозна визија** за имплементација на Конвенцијата на ОН во Европската унија.

***Европскиот Акт за пристапност: водечка сила за цврсто законодавство***

**Заменик-претседателот Reding изјави: “Јас ќе бидам водечката сила: до крајот на мојот мандат ќе имаме солидно законодавство како предлог.”** Покрај Стратегијата за попреченост 2010 – 2020 претставена од Комисијата, ЕДФ објасни зошто предложениот **Европски Акт за пристапност** треба да стане Директива заснована на внатрешните одредби на Договорот. Цврсто законодавство е единствениот начин да се постигне пристапност во ЕУ. Благо законодавство и волонтерски пристапи нема да го подобрат животот на лицата со попреченост. ЕДФ истакна дека цврст и обврзувачки Акт за пристапност е главната цел на кампањата **Слобода на движење**.

Генералниот секретар на ЕДФ, Rodolfo Cattani ја истакна потребата од стандарди во Европскиот Акт за пристапност: “**Внатрешниот пазар мора да биде пристапен за секого вклучително и за лицата со попреченост**. Законодавството како што е овој предложен акт поддржан со стандардизација поттикнува на еднаков пристап и избегнува исклучување.”

Во ваков период на криза, **штедливите марки** се една од главните загрижености на движењето за попреченост. ЕДФ сака ЕУ да го **одржи нивото на финансирање** за сите релевантни програми за еднаквост, не дискриминација, статистички истражувања и взаемно истражување. Исто така, од суштинска важност е да се поддржат релевантните актери во граѓанското општество. **80 милиони Европејци со попреченост** се уште очекуваат силна поддршка од Европската комисија.

# “Панки” - главен лик со Даунов синдром во цртана серија

**Едно мало девојче со Даунов синдром е главниот лик во цртаната серија “Панки”. Актерка Aimee Richardson помага во борбата со стереотипите, разбивањето предрасуди кон младите со попреченост и помага при инклузија и интеграција: “секое дете со Даунов синдром во светот, од било која културна позадина треба да гледа што прави Панки во нејзиниот секојдневен живот при справување со ситуација за да направи да биде подобро за сите околу неа.”**

Членот на младинскиот комитет на ЕДФ, Aimee Richardson е гласот на Панки, мало девојче со Даунов синдром. Шоуто е веќе успешно и многу уживаат во следењето на авантурите на овој лик кој го живее животот со полна пареа, правејќи се да остане смирена и да ги реши ситуациите со поплаките од нејзината баба или кога нејзиниот брат Кон е вознемирен или е во неволја.




*продолжува* →

## Активности на ЕДФ - Европски форум за попреченост

Ова шоу е креирано од Lindsay Sedgwick во соработка со Даунов синдром Ирска и Монстер Анимација. Pat Clarke, Извршен директор на Даунов синдром Ирска и член на Извршниот комитет на ЕДФ верува дека "навистина е потребна поголема разноликост во поглед на тоа како лицата со попреченост се портретирани во медиумите, а Панки со нејзината енергична, забавна и љубопитна природа ги избегнува сите стереотипи." Артистката Ејми, и самата со Даунов синдром, исто така верува во силната порака што се испраќа со ова шоу. Карактерот го ценат и сите нејзини пријатели и семејството, и таа претставува "одличен пример за лицата со Даунов синдром да бидат позитивни и да се вреднувани од нивната околина".

Sheila de Courcy од РТЕ телевизија рече: "*РТЕ е воодушевена што за прв пат ќе ја запознае публиката со Панки. Како јавен сервис на Ирска се стремиме да ја претставиме и да ја одразуваме разноликоста на растењето во Ирска во 2011 година.*"

Како организација членка на ЕДФ, Европската Инклузија укажува дека промовирањето на позитивни слики во медиумите во однос на попреченоста е суштинско за предизвикување на однапред создадените мислења. Лицата со попреченост ретко можат да се видат во редовни програми на телевизиите, а и кога се гледаат, нивниот портрет е честопати доста негативен. Сепак, не е само карактерот на Панки, туку и улогата на Ејми во цртаниот филм е таа што го прави овој проект извонреден. ***"Појавувањето на лица со интелектуална попреченост во медиумите е ефективен и важен начин на водење кампања за промена"***, објаснува Ciara Evans од Европската платформа на самозастапници.

## ЕУ мора да делува при имплементација на Конвенцијата на ОН, влијанието на кризата и слободата на движење

**На 21-ви септември, Европскиот Економско-социјален комитет (EESC) едногласно усвои важно мислење во однос на стратегијата за попреченост на Европската комисија за следните 10 години. Издадена во 2010 година, оваа Стратегија е чекор во вистинска насока за лицата со попреченост. Европскиот форум за попреченост кој беше вклучен во изготвувањето на ова мислење смета дека усвојувањето е голем успех. Движењето за попреченост ги поздравува прашањата истакнати од EESC и ја повикува Европската комисија соодветно да реагира.**

За време на Септемвриската пленарна сесија, EESC едногласно даде зелено светло за мислењето околу "Европската стратегија за попреченост 2010 – 2020". Овој текст е наменет за борба против дискриминацијата и социјалната екслузија во Европа и да ги брани основните права на 80 милиони лица со попреченост во Европа (16% од граѓаните на ЕУ). Yannis Vardakastanis, Претседател на Европскиот форум за попреченост, беше известувач за ова мислење на EESC. Конкретно, EESC ја повикува ЕУ да ја имплементира Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост и да усвои цврст и законски обврзувачки Европски акт за пристапност. Понатаму, EESC предупредува и за намалувања во социјалните трошоци поради штедливите мерки во време на кризата.

***Имплементацијата на Конвенцијата на ОН: клучен елемент за успех на Стратегијата***

Стратегијата за попреченост претставена од Европската комисија е чекор во вистинска насока за лицата со попреченост. Во целина, комисијата предлага **нов пристап** во имплементирање на **Конвенцијата на ОН** за правата на лицата со попреченост која е законски обврзувачка за ЕУ бидејќи ја ратификуваше во декември 2010 год. **Доколку во целост се имплементира, Стратегијата може да биде од корист** за 80 милиони Европејци со попреченост. EESC повикува на развивање на ефективни инструменти за имплементација на Конвенцијата на ОН вклучувајќи создавање на **Комитет за попреченост** во ЕУ. **Donata Vivanti, Заменик претседател на Европскиот форум за попреченост** рече: "Мислењето за Стратегијата за попреченост ги нагласува новите обврски создадени со ратификувањето на Конвенцијата на ОН: Европската комисија и државите членки мора сега да делуваат!".

***Финансиска криза: најтешкиот удар***

EESC е одлучен да ја прошири законската заштита на правата на лицата со попреченост и надвор од полето на вработување. Прашањата поврзани со попреченоста мора секогаш да се земаат предвид кога се развива и се имплементира социјално законодавство и политики. EESC го осудува негативното влијание од финансиската криза врз животот на лицата со попреченост и нивната можност да пристапат на своите права. EESC бара поддршка за лицата со попреченост во време на криза и предупредува да не се прават намалувања во социјалните трошоци поради штедливите мерки. Мислењето исто така дава детали како финансиските алатки, како што се Структурните фондови и повеќегодишната финансиска рамка мора да се усогласат со Конвенцијата на ОН.

***Усвојувањето на цврст акт за пристапност и карта за мобилност се неопходни чекори за слободата на движење***

EESC верува дека Европа без бариери може да се постигне само со усвојување на Европски акт за пристапност т.е. цврсто законодавство за да се обезбеди дека лицата со попреченост имаат целосен и непречен пристап до добра, сервиси и изградена средина. Соодветни и ефективни механизми за применување и следење треба да се идентификуваат и на европско и на национално ниво. Усвојувањето на Европска карта за мобилност и пристапност до вебстраните на јавиот сектор до 2015 година се други два елементи што се неопходни за создавање на Европа без бариери. EESC верува дека тие ќе бидат конкретни алатки за промоција на слободата на движење за лица со попреченост преку овозможување да живеат како и другите граѓани во Европа.

## Активности на Обединетите нации

# Одржана 4-та Конференција на Државите потписнички на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост

***Член 40 од Конвенцијата вели дека "Државите потписнички редовно ќе се состануваат на Конференција на државите потписнички со цел разгледување на сите прашања во однос на имплементацијата на оваа Конвенција." Од 2008 година, одржани се три сесии од Конференцијата на држави потписнички во седиштето на Обединетите нации во Њујорк. Темата на четвртата сесија е "Овозможување развој, реализирање на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост".***

Стотици делегати од државите потписнички, системот на ОН, академски институции и граѓански организации присуствуваа на 4-тата Конференција на државите потписнички на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост. Под темата **"Овозможување на развој: Реализирање на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост преку учество, вработување и меѓународна соработка"**, Конференцијата се одржа од 7-ми до 9-ти септември во седиштето на Обединетите нации во Њујорк. Во текот на тие три дена учесниците разговараа за неколку клучни теми: инклузивна развојна соработка, учество во политичкиот живот, работа и вработување.

Отворајќи ја Конференцијата, заменик-генералниот секретар се осврна на Конвенцијата, која досега ја ратификувале повеќе од 100 држави: "Поттикнавте разнолично движење околу универзалната вистина дека лицата со попреченост мора да ги уживаат човековите права и основни слободи … Сега беше време да се земе дека разбирање на следното ниво преку обезбедување дека прашањето го добило вниманието што го заслужува и многу подалеку од само конференциската просторија."

Заседавачот со Конференцијата, Marten Grunditz, Амбасадорот на Шведска додаде "Конвенцијата и нејзиниот Опционен протокол остварија извонредно постигнување и станаа фокална точка за меѓународна акција во име на лицата со попреченост".Во општата дебата, министрите и владините службеници делегирани од државите потписнички ја поздравија Конвенцијата како прв сеопфатен договор за човекови права на 21-от век и ги истакнаа националните напори за зајакнување на лицата со попреченост преку продуктивно вработување и пристап до донесување одлуки.

Некои учесници понудија предлози во однос на начини за зајакнување на имплементацијата на Конвенцијата, а Министерот за жени, деца и лица со попреченост на Јужна Африка препорача дека државите потписнички треба да размислат за усвојување на универзална рамка за собирање на податоци околу прашањата од попреченоста, особено на учество, пристапност и сервисни служби; тоа подобро би ја одразило реалната ситуација на лицата со попреченост и ќе обезбеди дека различните програми се подобро координирани.



## Меѓународна соработка

Сенаторот од Тајланд заседаваше со првата тркалезна маса на која се разговараше на темата: "Реализирање на Конвенцијата преку меѓународна соработка". Во својата презентација, Специјалниот известувач за попреченост при Комисијата за социјален развој, г-дин Shuaib Chalken, рече дека клучниот предизвик во меѓународната соработка е да се обезбеди дека таа е инклузивна за лицата со попреченост во сите свои димензии: Додека некои земји донатори работеа на вклучување на прашањата од попреченоста во редовните текови на нивните меѓународни развојни политики, таквото финансирање општо остана "специфични за попреченост", оставајќи ги надвор од поширокиот опсег на развојни програми.

"*Земјите корисннички треба да обезбедат дека развојното финансирање вклучува пристап кон попреченоста, исто како што беше за родот*", рече тој додека се осврнуваше и на друго прашање кое ја попречува широката соработка. Окарактеризирајќи го недостатокот на податоци за попреченоста како "срамно", тој спомена дека повеќе од 1 милијарда лица низ светот имаат попреченост и не постои изговор за исклучување на тој голем дел од населението од развојната листа на приоритети или исклучувањето на нивниот развој од редовните текови.

## Активности на Обединетите нации.

### Учество во политичкиот и јавниот живот

Заседавана од г-дин Shekou Momodou Touray, Амасадорот на Сиера Леоне во Обединетите нации, втората тркалезна маса се одржа на 8-ми септември, а се фокусираше на "Обезбедување ефективно и целосно учество во политичкиот и јавниот живот". Согласно член 29 од Конвенцијата, *"Државите потписнички ќе им гарантираат на лицата со попреченост нивните политички права и можноста истите да ги уживаат на еднаква основа со другите"*. *"За жал, во премногу места низ светот, лицата со попреченост се далеку од уживање на тоа право на еднаква основа со другите"*, рече г-дин Touray. Признавајќи дека многу земји постигнале напредок во вклучување на учеството во редовните текови, тој сепак повика на "промена на парадигмата" во отстранување на неприфатливите "пречки" кои стојат на тој пат.

Говорејќи во име на лицата кои немаат право да учествуваат во националниот политички живот, г-ца Maria Alejandra Villanueva од Перу се опиша себеси како една од илјадниците Перуанци кои се исклучени од изборните листи и им е ускратено правото на глас. "*Сакам да се борам за промена на оваа состојба, за себе и за други лица со попреченост, сакам да ме сметаат за граѓанин*", рече таа.

Многу од говорниците истакнаа дека е суштински да се вклучат прашањата од попреченоста во редовните текови на институционалните рамки преку создавање на посебни владини министерства и фокални точки. Понатаму, голем број на претставници се согласија дека додека постојат силни рамки за инклузија на лицата со попреченост во јавниот и политичкиот живот низ светот, сепак остануваат многу пречки за целосно учество.

Претставувајќи го Советот на Канаѓани со попреченост, Steve Estey исто така се осврна на исклученоста на лицата со попреченост од политичките партии, предложувајќи создавање на "комплет од алатки" за политичките партии, кои би се додале на долгорочните промени во законодавството со цел да се овозможи пристапност во политичките партии.

Испитувајќи ја оваа тема од перспектива на заедницата за поддршка на избори, Andrew Bruce, панелист кој го претставува одделението за помош при избори во одделот за политички работи, предложи неколку клучни акции, вклучително и создавање на пристапни предизборни материјали од кампањите на партиите.

### Работа и вработување

Попладнето од истиот ден беше посветено на неформална сесија за правото на работа и вработување. Членот 27 од Конвенцијата бара државите членки да го признаат правото на работа за лицата со попреченост на еднаква основа со другите, вклучувајќи го и нивното право да стекнуваат заработувачка преку слободно избрана работа или работа прифатена на пазарот на трудот, како и работна средина која е отворена, инклузивна и пристапна. За таа цел, претставници на Комитетот на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, Меѓународната организација на труд (Женева), Националниот центар за промоција на вработување за лица со попреченост (Индија) и други релевантни организации се обидоа да ги идентификуваат акциите и мерките што треба да се преземат за имплементација на правото на работа и вработување за лицата со попреченост. Понатаму, добрите примери што постојат, начините на кои работодавците можат да станат поактивно вклучени во промовирање на инклузијата на лицата со попреченост во работната сила, улогата на организациите-претставници на лицата со попреченост во промовирање на реализацијата на правото на работа и вработување, и друго.

### Имплементација на Конвенцијата

Конференцијата беше заокружена со интерактивен дијалог за имплементацијата на Конвенцијата, за време на кој, се презентираа детални објаснувања за преземените напори од страна на Обединетите нации и поврзаните ентитети. Согласно нивните соодветни организации, регионалните комисии работеа напорно за да одговорат на повикот за вклучување на загрижеността на лицата со попреченост во редовните текови преку сите аспекти на нивната работа. Во име на Економската комисија за Латинска Америка и Карибите (ECLAC), Diane Almeras рече дека истражувањата базирани на собрани податоци од ECLAC во однос на ситуацијата на 90 милиони лица со попреченост во тој регион, открило дека: додека имало поголеми подобрувања во законодавството, образованието и вработувањето, лицата со попреченост имале поголеми можности за работа во приватниот сектор отколку во јавниот. "*Исто така, постоеше и јасен јаз меѓу половите*", рече таа додавајќи дека е потребен сериозен напредок во областите на сексуално и репродуктивно здравје, пристапност и лична мобилност.

Еден од главните моменти во дискусијата беше презентацијата на значајниот Светски извештај за попреченост, заеднички изготвен од Светската здравствена организација и Светска банка, кој покажува дека недостасуваат и свесност и научни информации за прашањата во областа на попреченоста. Исто така, тој открива дека многу малку земји имаат механизми за справување со препреките и предизвиците со кои се соочуваат лицата со попреченост. Во таа насока, Извештајот дава препораки дека "*Државите потписнички, меѓу останатото, треба да овозможат пристап до сите редовни политики, системи и сервисни служби; да инвестираат во специфични програми и сервисни служби за лицата со попреченост; да усвојат национални стратегии за попреченост и акциони планови и да ги вклучуваат лицата со попреченост.*"

Заседавачот со Комитетот за правата на лицата со попреченост ја затвори сесијата со презентација на извештајот од работата на Комитетот во изминатата година, фокусирајќи се на сопствените извори и работни методи. Сепак, главната поента на неговото обраќање се однесуваше на "кризата со која се соочуваат сите тела од системот за спроведување на Конвенцијата", забележувајќи дека стапката на сообразност на државите што поднесуваат извештаи е ниска - само 30%.

**Активности на дневниот центар - ПОРАКА Скопје**

# На жичницата “Милениумски крст”



Дел од социјалните активности на дневниот центар – ПОРАКА Скопје се посетите на излетнички и рекреативни места во околината на Скопје. Една таква активност е посетата на новоотворената жичница која води до Милениумскиот крст на Водно.

Корисниците на дневниот центар имаа можност да се возат со панорамските автобуси на ЈСП - Скопје до Средно Водно, а потоа со жичницата до Милениумскиот крст, каде можевме да уживаме во прекрасната глетка.

Возбудата кај корисниците беше голема, така што оваа активност моравме да ја повториме и да овозможиме двапати да уживаат во возењето со жичницата.

# Работилници за лични, сексуални и социјални односи и врски



Како резултат на одржаниот тренинг за работа со лица со попреченост на тема сексуалност, сексуално и репродуктивно здравје и права за лица со попреченост, кој беше наменет за професионалци кои директно работат со лица со попреченост и нивните семејства, произлегоа две работилници кои се одржаа во дневниот центар.

Во септември 2011 г. во просториите на дневниот центар беа одржани две работилници со корисниците на дневниот центар на тема: лични, сексуални и социјални односи и врски. На двете работилници беа присутни претставници од Х.Е.Р.А., додека на втората беа присутни и членови на Одделението за детска, здравствена и социјална заштита при Град Скопје. Работилниците имаа за цел да ја прикажат имплементацијата на акциониот план на дневниот центар за споменатата област и активностите кои што се спроведуваат во секојдневната работа со корисниците.

# Продолжува активноста “Одбојка на песок”



Продолжената соработка со Град Скопје – Сектор за спорт, произведе уште една активност која се одвиваше еднаш неделно во текот на јули, август и септември 2011 г. Тоа беше користењето на теренот за одбојка на песок, што прерасна во организирана активност за запознавање со основите на одбојката. Имено, градот Скопје обезбеди стручно лице од Факултетот за физичка култура кој направи адаптирана програма за работа со лица со попреченост при што постепено ги воведуваше во основите на одбојката.

Оваа активност беше одлично прифатена од корисниците на дневниот центар и тие во групи од десетина лица, еднаш неделно - кога временските услови го дозволуваа тоа, го посетуваа теренот за одбојка на песок.Упатуваме голема благодарност до стручните лица од градот Скопје и се надеваме дека оваа соработка ќе продолжи во иднина.

## Активности на дневиот центар - ПОРАКА Охрид

# Еколошка акција за чистење на градската плажа во Охрид

Вработените во Охридска Банка заедно со корисниците на дневниот центар - ПОРАКА Охрид, во склоп на Неделата на солидарност на Охридска Банка која се организира како иницијатива на ниво на групацијата Societe Generale, на 17.06.2011г. учествуваа во еколошката акција за чистење на градската плажа Грашница во Охрид. Целта на активноста беше подигнување на еколошката свест на корисниците на дневниот центар за чиста животна средина. Корисниците заедно со вработените учествуваа во собирање на хартија, пластични шишиња и друг вид на отпад. Во понатамошниот тек на денот корисниците изработуваа накит од монистри. Изработениот накит им беше подарен на вработените како спомен од прекрас-ното меѓусебно дружење.



# Корисниците на дневниот центар на плажа



И ова лето корисниците на дневниот центар - ПОРАКА Охрид ги користеа можностите за рекреирање, забавување и разладување на плажата Елешец на Охридското крајбрежје.

Преку активностите кои ги спроведуваме на плажа можеме да ги утврдиме можностите и однесувањето на корисниците на водена површина и да дојдеме до заклучок дека овој начин на рекреација и релаксација му е потребен секому. Дел од корисниците веќе ги совладаа вештините за одржување во вода и пливање.

## Активности на ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица

# ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица во посета на Крушево

Согласно годишната програма за работа на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица, еден дел од планираните активности што треба да се реализираат се насочени кон соработка на организацијата со пошироката заедница (локалната самоуправа, институциите, останатите организации од невладиниот сектор и бизнис секторот).



Како резултат на контактите со еден субјект од бизнис секторот, ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица обезбеди донација во парични средства кои во договор со своите членови беа искористени за посета на спомен куќата на Тоше Проески во Крушево. На тој начин се придонесе во насока на поголема социјализација на лицата со интелектуална попреченост и остварување на нивната желба за активности надвор од местото на живеење.

Посетата на Крушево се реализира на 29.05.2011 година. Присутни беа поголемиот дел од членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица придружувани од еден родител и волонтерите во Социјалниот клуб. Прошетката беше реализирана по претходно прифатена агенда при-што најпрво го посетивме манастирот Св. Преображение, потоа гробот и спомен куќата на Тоше Проески.

Преку посетата децата ги збогатија своите искуства и воспоставија контакти со нови луѓе, а истовремено меѓусебно се дружеа. На враќање кон Струмица застанавме на кратко разгледување на знаменитостите на градот Прилеп.

## Активности на дневиот центар - ПОРАКА Радовиш

# Учество на Етно саем во Пехчево

На 12.07.2011 година во Пехчево, по повод верскиот празник Павловден се организираше Етно саем 2011 година. На овој саем учество земаа повеќе невладини организации и поединци меѓу кои и нашиот дневен центар со свои рачно изработени сувенири и творби.

Саемот беше организиран на регионално ниво со застапеност на седум градови од Републиката и имаше изложбен карактер со цел да се претставват сите обележја на македонската култура и традиција. Од нашата организација имаше еден претставник кој ги промовираше изработките на корисниците на дневниот центар како и флаери, списанија и постери од работењето на РЦПЛИП – ПОРАКА заедно со своите локални организации.



Штандот на кој беа претставени изработките на корисниците на дневниот центар го разбудил интересот на посетителите кој со внимение го разгледувале секој сувенир со пофални зборови што за нас целта беше постигната да се промовираат нашите корисници на полето на уметничко изразување и творење и надвор од нашиот град.

## Активности на ЦПЛИП - ПОРАКА Штип

# Социјалниот клуб продолжува со активностите

На 26.06.2011 година, членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип беа на еднодневна екскурзија на Рибникот “Злетовица”. Покрај рибникот, тие ги посетија и црквите Св.Спиридон, кој воедно е и женски манастир, и Св.Балаклија, кој е машки манастир. Од лицата задолжени во црквите, беа срдечно пречекани и добија скромни подароци (бројаници и икони). Несекојдневна глетка беше кафезот каде се сместени волк и куче со своите потомци. Членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип, покрај прошетката по терените околу реката Злетовица организираа и натпревар во брзо одење и трчање.




Голема благодарност до ГП Бетон од Штип што ни овозможи превоз и до ДГ Вера Циривири Трена што обезбеди пакет храна за присутните членови.

На 3.09.2011 ЦПЛИП – ПОРАКА Штип организираше средба на членовите за повторување на знаењето од областа на екологијата па, за таа цел организираа и квиз натпревар. Сите членови активно учествуваа со свои одговори и го потврдија веќе наученото. По завршување на квизот, на натпреварувачите им беа доделени пригодни подароци добиени од ЕАМ Штип и црквата Св.Никола. Голема благодарност до нив за несебичната поддршка.

## Активности на дневниот центар - ПОРАКА Скопје

# Работилница со Црвен крст

На иницијатива на група млади луѓе од Црвен крст на Град Скопје, а во рамките на проектот за промоција на хумани вредности, беше одржана работилница - заедничка подготовка на ручек со корисниците на дневниот центар. Активистите на Црвениот крст беа вклучени во секој процес од оваа активност и имаа можност вистински да се дружат и запознаат со активноста која се спроведува секојдневно во дневниот центар. Со нивниот престој во дневниот центар тие добија поцелосна претстава за активностите кои се спроведуваат во истиот и изразија желба за повторна средба и повторно дружење со корисниците спроведувајќи некоја нова заедничка активност.



# Наша Страница

## Продолжува соработката со коњичкиот клуб "Три Стар"

На наше големо задоволство, коњичкиот клуб Три Стар продолжува да ни овозможува континуирано спроведување на активностите на нивните терени за јавање во периодот од крајот на мај до крајот на октомври 2011 година.




Основната цел на оваа активност е да се развие љубов кон животните – коњите, да научиме како да се грижиме за нив и правилно да им ја одржуваме хигиената. Крајна цел е да научиме правилно да го одржиме телото додека јаваме, додека за корисниците кои не можат да јаваат предвидени се други активности околу грижата и негата на коњите. Искуството покажува дека корисниците на дневниот центар многу добро се снаоѓаат во овие активности и вештини за грижа на коњите.




ISSN 0350-5863